*Универзитет за туризам и менаџмент*
*Бр. 02-269/1*
*20.10.2015*
*Скопје*

Согласно член 92, точка 1, алинеа 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје и согласно член 52, точка 1 алинеа 17 и 144 од Законот за високо образование („Службен весник на РМ“ број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015 и 154/2015), Сенатот на Универзитетот на седницата одржана на 20.10.2015 ја донесе следната

# *ОДЛУКА*
## *за доделување на титула*
## *ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР (PROFESSOR HONORIS CAUSA)*
## *на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје*

1. На **д-р Делфина Габриела Гаридо Рамос,** професор на Политехничкиот Институт на Кавадо и Аве (IPCA), Португалија и се доделува титулата **ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР (PROFESSOR HONORIS CAUSA)** на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, поради нејзиниот исклучителен придонес за воспоставување и развивање на меѓународната соработка на Универзитетот со истакнати научни и образовни институции и асоцијации од областа на високото образование во светот и за развојот на високото образование во Република Македонија.
2. Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.
3. Одлуката со доделување на титулата **ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР (PROFESSOR HONORIS CAUSA)** да се официјализира на Свечената седница на Сенатот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, што ќе се одржи на 02.11.2015 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно член 92, точка 1, алинеа 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје и согласно член 52, точка 1 алинеа 17 и 144 од Законот за високо образование („Службен весник на РМ“ број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015 и 154/2015), Сенатот на Универзитетот на седницата одржана на 20.10.2015, со голема почит кон достигнувањата и разновидната професионална кариера на **д-р Делфина Габриела Гаридо Рамос**, ја донесе одлуката како што е наведено во воведот на овој документ.

**Д-р Делфина Габриела Гаридо Рамос** е доктор по индустриско и системско инженерство на Универзитетот во Мињо, Португалија. Работи како доцент на Политехничкиот Институт за менаџмент и Технологија (ISLA) и Политехничкиот Институт на Кавадо и Аве (IPCA), Португалија. Од 2011 година е назначена за сертифициран ревизор за ISO стандардот OHSAS 18001 во водечката ревизорска куќа во светски рамки за контрола, верификација, тестирање и сертификација. Во својата работа како истакнат стручњак од областа на квалитетот при работа за здравјето и безбедноста при работа е ангажирана како предавач и консултант за стандардизација во многу истакнати институции во земјата и во странство, како што се: Institute for Development and Technological Innovation (IDIT), the Institute of Employment and Training Port Professional, Castle and Tertiary Port Sector Viana (IEFP), the Minho Industrial Association (AIM), Higher Institute of Languages and Vila Nova de Gaia of Directors (ISLA), Technological Office of Innovation (GTI), Cenatex, Vocational Training Centre of the Footwear Industry (CFPIC), Technological Centre for the Textile and Clothing Industries of Portugal (CITEVE), University of Minho (UM), Business Association Portugal (AEP), Forminho.

**Д-р Делфина Габриела Гаридо Рамос** има исклучителен придонес за воспоставување и развивање на меѓународна соработка на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, со истакнати високообразовни институции во Европа и светот (Политехнички Институт во Cávado и Аве (IPCA, Политехнички Институт во Гуарда, Португалија, Економски факултет при Универзитетот во Порто, Португалија, OBEGEF - Опсерваторија за економија и менаџирање на финансиски измами, Португалија, Универзитет Георг-Аугуст во Готинген, Германија, и др.), а особено во делот на развивање на мобилноста на студентите и кадарот на Универзитетот, согласно програмата Еразмус Плус на Европската комисија.

*Доставено до:*
- *Архива;*
- *Именуваното лице;*
- *Генерален секретар на Универзитетот.*

**РЕКТОР**
**Проф. Д-р Аце Миленковски**